РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIV
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar | 07.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 – | 54/1 | | |

( Образец ПП……)

**До: <u>Државниот управен инспекторат</u>**
**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____/_______________

_______________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер, која ја побарав од вас на 13.01.2025 година, но за истата, на 29.01.2025 ми побаравте да платам 320 денари, и тоа за 5 страни да платам 25 денари за секоја страна. Бидејќи математички не беше точно тоа што го баравте (5*25 = 125 денари, а не 320 денари), на 29.01.2025 побарав да ми ги доставите документите како електроснки запис, но одговор на тоа барање не добив, па сега повторно го доставувам истото барање и очекувам достава на документите во најскор рок:

1) <u>Да ми се доставаат документите од извршените инспекциски надзор во Македонската академија на науките и уметностите, во текот на 2024 година, во врска со сите барања за инспекциски надзор и сите дописи кои јас ги имам доставено до Државниот управен инспекторат, и тоа сите:</u>
<u>- Записници од извршените инспекциски надзори,</u>
<u>- Решенија кои го донел Државниот управен инспекторат во врска со извршените инспекциски надзори во МАНУ.</u>

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил</u>**
- д) друго - сакам лично да ја подигнам документацијата од кај вас.

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, _____2025 година** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, од [redacted], донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-54/1 од 07.02.2025 година, **СЕ УВАЖУВА.**

### *Образложение*

До Државниот управен поднесено е Барање за притап до информации од јавен карактер о[redacted], заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-54/1 од 07.02.2025 година.

По разгледување на истото утврдено е дека се бара електронски запис на актите по извршени вонредни инспекциски надзори во Македонска акаденија на науките и уметностите во 2024 година, на кои истата е подносител. Од увидот во евиденцијата со која располага Државниот управен инспекторат утврдено е дека подносителот има доставено две иницијативи за вршење на вонреден инспекциски надзор во МАНУ, Ип1 бр.11-155 од 24.01.2024 година и Ип1 бр.11-462 од 22.03.2024 година.

Постапувајчи по иницијативата Ип1 бр.11-155 од 24.01.2024 година управен инспектор извршил вонреден инспекциски надзор во МАНУ, и за утврдената состојба составил Записник Ип1 бр.11-155 од 15.02.2024 година, а за отстранување на утврдените недостатоци донел Решение Ип1 бр.11-155 од 04.03.2024 година. Решението на управниот инспектор е обжалено од субјектот на надзор, и второстепениот орган со Решенеи Ип2 бр.11-12 од 26.04.2024 година го поништи Решението на управниот инспектор. Дополнително постапувајчи по насоките на второстепенито орган, управниот инспектор повторно изврши вонреден инспекциски надзор во субјектот и состави Записник за утврдената состојба Ип1 бр11-155 од 02.07.2024 година.

Постапувајчи по иницијативата Ип1 бр.11-462 од 22.03.2024 година управен инспектор извршил вонреден инспекциски надзор во МАНУ, за утврдената состојба составил Записник Ип1 бр.11-462 од 08.04.2024 година, а за отстранување на утврдените недостатоци донел Решение Ип1 бр.11-462 од 23.04.2024 година. Решението на управниот инспектор е обжалено од субјектот на надзор, и второстепениот орган со Решенеи Ип2 бр.11-24 од 06.06.2024 година го поништи Решението на управниот инспектор. Дополнително постапувајчи по насоките на второстепенито орган, управниот инспектор носи ново Решение бр.11-462 од 15.07.2024 година.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Цитираните акти кои ги донеле управните инспектори во инспекциската постапка се доставуваат во прилог.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-54/2 на 03.03.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска

Прилог:

- Записник Ип1 бр.11-155 од 15.02.2024 година
- Решение Ип1 бр.11-155 од 04.03.2024 година
- Записник Ип1 11-155 од 02.07.2024 година
- Записник Ип1 бр. 11-462 од 08.04.2024 година
- Решение Ип1 бр. 11-462 од 23.04.2024 година
- Решение Ип1 бр. 11-462 од 15.07.2024 година


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk